**Известување за концентрација со која ТСС ЕВРОПА Б.В, Холандија и АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИН, Полска ќе стекнат заедничка контрола над АССЕКО ПОЛАНД СА, Полска (предмет бр. 08-97/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на ТСС ЕВРОПА Б.В, со регистрирано седиште на Atoomweg 50, 3542AB Утрехт, Холандија, и АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА, со регистрирано седиште на ул. Дабровскиего 4, лок. 6, 35-033 Жешов, Полска, врз АССЕКО ПОЛАНД СА, со регистрирано седиште на ул. Олхова 14, 35-322 Жешов, Полска. ТСС ЕВРОПА Б.В, во предметната концентрација дејствува преку своето зависно друштво во целосна сопственост ЈУКОН НИЕБЕСКИ КАПИТАЛ Б.В., со регистрирано седиште на Атомвег 50, 3542AB Утрехт, Холандија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ТСС ЕВРОПА Б.В** преку своите зависни друштва, нуди широк спектар на софтверски деловни решенија и е активна, меѓу другото, во финансискиот сектор, малопродажбата, правниот сектор, владата, недвижностите, здравствената заштита и автомобилскиот сектор. ТСС ЕВРОПА Б.В е во крајна линија целосно контролирана од Constellation Software Inc. („ЦСИ“). ЦСИ стекнува, управува и гради бизниси што нудат софтверски решенија низ целиот свет („ЦСИ Групација“).

ЦСИ е присутна во Северна Македонија преку своето зависно друштво, ИН2 ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на булевар Кузман Јосифовски - Питу 15- зграда Неоком/кат 5, Аеродром Скопје – Аеродром, и регистрирана деловна активност - компјутерски консалтантски дејности. ИН2 ДООЕЛ Скопјеп рвенствено се занимава со информациски инженеринг и ИТ услуги, фокусирајќи се на развој, имплементација, поддршка и одржување на производите на ИН2 ДООЕЛ Скопје и партнерските решенија. Соработувајќи со други членови на групацијата, компанијата воведува и нови информациски системи и обезбедува ИТ консалтинг услуги во различни сектори.

**АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА** е семејна фондација регистрирана согласно законите на Полска.

АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА нема оперативно присуство на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак има какви било комерцијални деловни активности во Северна Македонија.

**АССЕКО ПОЛАНД СА** е холдинг компанија на групацијата компании Асеко („**Асеко Груп**“), кои се активни во софтверскиот и ИТ секторите.

Асеко е присутна во Северна Македонија преку три зависни друштва

- АСЕЕ БСС ДООЕЛ, Скопје, со регистрирано седиште на улица Народен фронт 17, 1000 Скопје, и регистрирана дејност - трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер;
- АСЕЕ Дооел Скопје, со регистрирано седиште на улица Народен фронт 17, 1000 Скопје, и регистрирана дејност - компјутерско програмирање; и
- Пајтен ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица Народен фронт 17, 1000 Скопје, и регистрирана дејност - трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер.

Македонските зависни друштва на Асеко главно нудат широк спектар на софтверски производи наменети за банкарскиот и финансискиот сектор.

Според подносителот на известувањето, за целите на оценка на предметната концентрација како релевантнен пазар може да се дефинира пазарот на компјутерско програмирање на територијата на Република Северна Македонија**.**

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.06.2025 година
Скопје